РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE
Бр.-Nr. 102-825/6
18.04. 2023 год.-viti.
СКОПЈЕ - SHKUP

Градежен институт
МАКЕДОНИЈА А.Д.
Бр. 1002-51/17
11.04 2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 119 став 1 точка 5 од Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Македонија бр.24/2019 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 87/21) и член 21 од Договорот за набавка на услуги, број 102-825/1 од 18.01.2023 година на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и бр. 1002-51/1 од 10.01.2023 година, на Градежен Институт Македонија А.Д. Скопје, за "Изработка на Урбанистички проект за парцелно градежно земјиште за изградба на брана „Слупчанска река" и придружни објекти на ГП 5 од ДУПД за брана и акумулација „Слупчанска река" КО Слупчане и КО Руница, Општина Липково", а во врска со доставеното барање за склучување на анекс договор од 11.04.2023 година на 18.04.2023 година се склучува следниот:

АНЕКС БР.1
НА
ДОГОВОР ЗА НАБАВКА НА УСЛУГИ

I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со адреса ул. „Аминта трети" бр.2, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, застапувано од министерот Љупчо Николовски (во натамошниот текст - **Нарачател**) од една страна,

и

2. Градежен Институт Македонија А.Д. Скопје, со адреса ул. Дрезденска бр.52, 1000 Скопје, ЕДБ 4067533, ЕМБС 4030975274722, 380176956108188 Прокредит банка, застапувано од Генералниот директор Влатко Иванов (во натамошниот текст - **Вршител на услугата**), од друга страна.

Член 1

Со овој Анекс бр. 1 кон Договорот за набавка услуги "Изработка на Урбанистички проект за парцелно градежно земјиште за изградба на брана „Слупчанска река" и придружни објекти на ГП 5 од ДУПД за брана и акумулација „Слупчанска река" КО Слупчане и КО Руница, Општина Липково", број 102-825/1 од 18.01.2023 година, се регулираат измени кои се однесуваат на временската рамка на договорот, односно се врши измена во Член 5 од основниот договор.

Член 2

Член 5 став 2 од Основниот договор се менува и гласи:
„Времетраењето на договорот изнесува 6 месеци во кој е опфатено целосно извршување на услугата, односно до одобрување на урбанистичкиот проект од страна на надлежен орган и извршено дигитално преклопување на урбанистичкиот проект од страна на Агенцијата за катастар н недвижности."

Член 3

Согласно член 102 став 7 од ЗЈН, во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорот или е зголемена неговата вредност, носителот на набавката – Вршител на услугата, соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.

Член 4

Сите останати членови од Договорот остануваат непроменети и обврзувачки за двете

страни.

Член 5

Овој Анекс бр. 1 на Договорот стапува на сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

Член 6

Овој Анекс бр. 1 на Договор е склучен во 6 (шест) истоветни примероци од кои 4 (четири) за Нарачателот и 2 (два) за Вршителот на услугата.

| Нарачател<br>Министерство за земјоделство<br>шумарство и водостопанство | Вршител на услуга<br>Градежен Институт Македонија<br>А.Д. Скопје |
|---|---|
| Министер<br>Љупчо Николовски | Генерален директор<br>Влатко Иванов |

Изработил: Биљана Ѓорѓиевска – Бураѓев
Мајда Ристовска
Контролирал: Лиле Симоновска
Александар Сапунџиовски
Согласен: Isni Jakupi